## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2026 ГОДИНА ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ

### 1. ПРИХОДИ

Во периодот од **01.07.2026** година до **31.07.2026** година во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од **9.199.469 денари** и тоа по следните основи:

| ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ |
|---|---|
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на **6%** од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал | **179.914** денари |
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на **6%** од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал | **421.193** денари |
| **100%** од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста | **57.145** денари |
| Уплати по основ на данок на имот од физички и правни лица | **336.228** денари |
| Приходи по основ на уплатени даноци на недвижности и права и данок на наследство и подарок | **371.264** денари |

| | |
|---|---|
| Уплата на комунална такса за привремен престој од страна на регистрирани правни субјекти и физички лица кои нудат сместувачки капацитети | **35.840** денари |
| Такса за истакнување на фирма (фирмарина) | **102.000** денари |
| Комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација | **71.991** денари |
| Комунална такса што се плаќа за одржување на јавното осветлување | **1.318.335** денари |
| Такси за користење на просторот пред деловни простории, за користење на музика во јавни локали и за користење на плоштад и др. | **140.935** денари |
| Комунален надоместок од уредување на градежно земјиште | **203.836** денари |
| Уплати по основ на административни такси кои се плаќаат за списи | **52.560** денари |
| Уплати по основ на закупнини на објекти и опрема во сопственост на општината | **139.417** денари |
| Уплати по основ на надомест од сопственици на моторни и запрежни возила, други неданочни приходи и приходи од органи на управа - надомест за користење на сала за венчавки и др.потреби, приходи од извршени уплати од министерствата за користење водовод и канализација на подрачните одделенија сместени во зградата на општината, **2 %** од наплата на премии за каско и одговорност и надоместоци за изградба,реконструкција,одрж.и заштита на опш.патишта | **320.192** денари |

| | |
|---|---|
| Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини, приходи од продажба на земјиште, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти – легализација | **830.394** денари |
| Трансвер на средства од Буџетот на Р.С.М. во износ од **4.618.225** ден. по основ на **6%** данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и тоа основен дел **- 4,5%**, дел за перформанси **- 0,75%** и дел за воедначување **– 0,75%** | **4.618.225** денари |

## 2. РАСХОДИ

Во периодот од **01.07.2026** година до **31.07.2026** година од Буџетот на Општина Берово исплатени се вкупно **9.279.970 денари** и тоа за следните намени:

| **ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ** |
|---|---|
| За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица | **3.346.334** денари |
| Исплатен дел од регресот за годишен одмор за **2026** г. На вработените во администрацијата и вработените во ТППЕ | **1.114.035** денари |
| Исплатен надоместок за **1**(еден) месец за храна на вработените во ТППЕ трета смена | **29.582** денари |

| | |
|---|---|
| Од постојаната резерва (непредвидливи расходи) исплатени се **6**(шест) решенија донесени од страна на Советот на општината и тоа: **3**(три) решенија од по **10.000** ден. за болничко лекување, **1**(едно) решение од **6.000** ден. за ФК Напредок – Пехчево, **1**(едно) решение од **30.000** ден. е исплатено помош за надомест на штета од пожар, **1**(едно) решение од **60.000** ден. на ДПД Малеш и **6.666** ден. се платени по основ на персонален данок на доход од надоместоци за исплатените решенија кон физички лица | **156.666** денари |
| Исплатени дневници во земјата за м.**06/2026** год. на градоначалникот и администрацијата и исплатени дневници и за реализирани службени патувања во странство (Р.Бугарија, Латвија и Босна Херцеговина) на градоначалникот, администрацијата и советници при Советот на Општина Берово | **27.180** денари |
| Платено е дел од доставените фактури за ел.енергија и ул.осветлување за м.**05** и м.**06/2026** сума од **372.912** ден., за водовод и канализација за м.**05/2026** платени се **29.708** ден., за телефон,интернет и др.трошоци за комуникација, платени се **41.770** ден. и за горива и масла **57.276** ден. | **501.666** денари |
| За набавка на материјали за разни поправки и др.материјали платени се **36.844** ден., за прехрамбени продукти и пијалоци **6.522** ден., **7.380** ден. за ситен инвентар, **1.845** ден. за набавка на средства за хигиена и **14.538** ден. за списанија, весници и др.изданија | **67.129** денари |
| **248.412** ден. за јавна чистота на територијата на општината за м. **06/2026** и **138.388** ден. за одржување на јавното зеленило, **36.960** ден. за чистење на градежна депонија, **36.415** ден. за поправка и сервисирање на возилата на ТППЕ и **910.252** ден. за крпење на ударни дупки на улиците на територијата на општината | **1.370.927** денари |

| | |
|---|---|
| **9.178** ден. банкарска провизија за подигање на девизна ефектива од НБРМ за исплата на дневници во странство, **23.364** ден. за услуги за копирање, печатење и издавање, **6.500** ден. се платени на ЈЗУ Берово за обезбедување на манифестацијата „Ајде да се дружиме“ со екипа на ИМП, **5.464** ден. за изнајмена просторија во с.Двориште за потребите на детската градинка, **295.310** ден. за др.договорни услуги од кои **188.596** ден. се исплатени на членови на Комисијата за урбанизам, **105.600** ден. за сезонско ангажирани **6** лица за општокорисна работа – јавна чистота и **1.114** ден. преку авторска агенција е платено на лице ангажирано за професионално фотографирање на настан организиран од општината, **5.222** ден. за осигурување на моторни возила, **5.200** ден. е платена фактура за извршено испитување на квалитетот на водата за пиење и **285.000** ден. се платени на Националниот конзерваторски центар за потребите при донесувањето на нов ГУП на Берово | **635.238** денари |
| **27.225** ден. е платено кон Источно-плански регион - дел од обврската за членарина за **2026** година, **16.800** ден. за објава на огласи и **107.502** ден. за репрезентација | **151.527** денари |
| Платена субвенција за **1** месец кон ЈПКР Услуга – Берово за измирување на обврските према доверителот ЕВН Хоме, ДОО – Скопје | **206.199** ден. |
| Исплатени **100.000** ден. на ОФК – Малеш – Берово за организирање на „Летен регионален турнир“ и **30.000** ден. на здружението Св.Троица Русинска за настанот „Вршник 2026“ | **130.000** ден. |

| | |
|---|---|
| Исплатени се исто така **1** решение од **8.000** ден. **–** субвенција за полагање на возачки испит Б-категорија, **2** решенија од по **5.000** ден. и **1** решение од **10.000** ден. за болничко лекување, **3** решенија од по **7.000** ден. се исплатени за новородено дете, **1** решение од **10.000** ден. субвенција за семејства со лица со попреченост ☐ **140.000** ден. се префрлени на наменската сметка – Вработување за исплата на надомест за м.06/2026 за ангажирани 5 лица преку проект „Се грижиме, дејствуваме"<br>По основ на овие решенија исплатен е персонален данок на износ од **6.557** ден. | **205.557** денари |
| Платени преостанати **1.000.000** ден. дел од доставена ситуација за изградба на приклучок за вода за пиење во с.Ратево, **321.186** ден. за изготвување на проекти и **16.744** ден. се исплатени по основ на надомест за одземен имот **–** трајна експропријација за ул.Индустриска **3** во Берово | **1.337.930** денари |

Бр.**05-101/8**
**25.08.2026** год.

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
**Петар Ружински**

Република Северна Македонија * Општина Берово *